**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**

**Ул. „Св. Кирил и методиј“ бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бр: 09- 9/11

Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата составена од Чедомир Краљевски - претседател, Благој Чурлинов и Насер Жарку - членови, врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на РМ“ бр.145/10, 136/11 и 41/14), постапувајќи во постапка, поведена по службена должност против Друштво за производство, градежништво, трговија, сообраќај и услуги РИФАМ ДОО експорт-импорт Гостивар, со седиште на ул. Мара Угриноска бр.144, Гостивар, застапувано од Ш.Р, управител, заради утврдување на прекршок од член 61 став (1) точка 1) од истиот Закон, на седницата одржана на 22.04.2016 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека Друштвото за производство, градежништво, трговија, сообраќај и услуги РИФАМ ДОО експорт-импорт Гостивар, со седиште на ул. Мара Угриноска бр.144, Гостивар, застапувано од Ш.Р., управител, не постапило по заклучокот на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 08-63 од 14.12.2015 година за доставување на податоци во определениот рок а во смисла на член 49 од Законот за заштита на конкуренцијата, на начин што не ги доставило бараните податоци во определениот рок од 15 дена кој рок траел до 01.01.2016 година, со што сторило прекршок од член 61 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, за што му се изрекува глоба во износ од 12.000,00 денари што претставува XXX[1]% од приходите на Друштвото за производство, градежништво, трговија, сообраќај и услуги РИФАМ ДОО експорт-импорт Гостивар остварени во 2015 година како последна деловната година за која истата има составено годишна сметка.

2) Глобата од точка 1) од ова решение сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx207337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

[2] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

**Ул. „Св. Кирил и методиј“ бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за заштита на конкуренцијата со Допис бр. 08-1 од 26.01.2016 година до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) достави Барање за поведување на прекршочна постапка.

Со барањето, Комисијата за заштита на конкуренцијата бара КОП да поведе постапка по службена должност против Друштво за производство, градежништво, трговија, сообраќај и услуги РИФАМ ДОО експорт-импорт Гостивар, ул. Мара Угриноска бр.144, Гостивар со ЕМБС 5104157 заради, непостапување по заклучокот бр. 08-63 од 14.12.2015 година за доставување на податоци во определениот рок, а во смисла на член 49 од Законот за заштита на конкуренцијата, што претствува прекршок од член 61 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Во барањето се наведува дека Претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата, врз основа на член 6, член 28 став (1) и член 49 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на РМ“ бр. 145/2010, бр.136/11 и 41/14), и точка 1 од Одлуката бр.03-276/1 од 20.11.2013 година на Комисијата за заштита на конкуренцијата, во име и за потребите на Комисијата за заштита на конкуренцијата со заклучок бр. 08-63 од 14.12.2015 година го задолжил Друштво за производство, градежништво, трговија, сообраќај и услуги РИФАМ ДОО експорт-импорт Гостивар, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во рок од 15 дена од денот на приемот на заклучокот) да ги достави следните податоци:

-податоци за вкупно остварени приходи во следните АТС категории, *за лекови за кои* РИФАМ ДОО, Гостивар *е носител на одобрение*: А04А, Ј01С, Ј01F, L01B, L01C, L01X, L02B, M05B и V05B. Податоците да се диоставаат одделно за 2012, 2013, 2014 и од 01.01 до 30.06.2015 година, одделно по генеричко име и вкупно по категории (според примерот даден во заклучокот).

Целта на прибавувањето на податоците било Комисијата за заштита на конкуренцијата, како орган надлежен за спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата да изврши правилна оценка на поднесено известување за концентрација помеѓу Тева Фармацеутикал Индустрис Лимитед, со седиште на 5 Басел Стрит, Петач Тиква 4951033, Израел која има намера да стекне контрола над глобалниот генерички бизнис на Аллерган Плц, со седиште на адреса Клоншаух Бизнис анд Технолоџи Парк, Кулок, Даблин, Д17 Е400, Ирска вклучувајќи ги единиците во САД и меѓународните генерички трговски единици, Медис снабдувачот на трети страни, глобалните генерички производни операции, глобалните генерички производни операции, глобалната генеричка R & D единица, меѓународната комерцијална единица (со исклучок на ОТС производи за нега на очите), низ целата земја (ОТС) и некои меѓународно етаблирани брендови.

**Ул. „Св. Кирил и методиј“ бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Со оглед на фактот дека РИФАМ ДОО, Гостивар заклучокот бр.08-63 од 14.12.2015 година го примил на 17.12.2015 година и во дадениот рок не постапил по заклучок односно не ги доставил бараните податоци во определениот рок од 15 дена, Комисијата за заштита на конкуренцијата со допис бр 08-1 од 26.01.2016 година побара од КОП како орган кој води прекршочна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата и изрекува прекршочна санкција за прекршоците определени со Законот за заштита на конкуренцијата, по службена должност да поведе прекршочна постапка против РИФАМ ДОО, Гостивар, заради утврдување на евентуален прекршок од член 61 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

КОП со заклучок бр.09-9/2 од 27.01.2016 година поведе прекршочна постапка против РИФАМ ДОО, Гостивар заради непостапување по заклучокот на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 08-63 од 14.12.2015 година за доставување на податоци во определениот рок, а во смисла на член 49 од Законот за заштита на конкуренцијата, што претствува прекршок од член 61 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата и го задолжи согласно член 40 од Законот за заштита на конкуренцијата да ги достави до КОП следните податоци: извод од Централен регистар за тековна состојба; биланс на успех за 2014 година и податоци за жиро - сметка, единствен даночен број и депонент - банка.

Со допис 09-9/3 од 01.02.2016 година РИФАМ ДОО Гостивар ги достави податоците побарани со заклучокот за поведување на постапка.

Дополнително, со допис 09-9/4 од 05.02.2016 година РИФАМ ДОО Гостивар достави одговор на заклучокот за поведување на постапка.

Со допис 09-9/5 од 05.02.2016 година Комисијата за заштита на конкуренцијата ја извести КОП дека РИФАМ ДОО Гостивар прв обид за електронско доставување на податоците направил на 26.01.2016 година, но бидејќи истите не биле добиени во Комисијата за заштита на конкуренцијата истите РИФАМ ДОО Гостаивар повторно ги препратил електронски така што податоците се добиени во Комисијата за заштита на конкуренцијата на 27.01.2016 година, кога и се заведени во деловодникот на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

КОП со Заклучок бр. 09-9/6 од 15.03.2016 година од РИФАМ ДОО Гостивар побара доставување на биланс на успех за 2015 година.

КОП со допис бр. 09-9/7 од 15.03.2016 година до РИФАМ ДОО Гостивар достави прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба.

Со допис бр. 09-9/8 од 18.03.2016 година, РИФАМ ДОО Гостивар одговори на Заклучокот на КОП.

Со допис бр. 09-9/9 од 30.03.2016 година, РИФАМ ДОО Гостивар се произнесе по прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба.

КОП со допис бр. 09-9/10 од 07.04.2016 година до РИФАМ ДОО Гостивар достави конечно известување за утврдена фактичка состојба.

**Ул. „Св. Кирил и методиј“ бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Заклучокот на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 08-63 од 14.12.2015 година за доставување на податоци РИФАМ ДОО Гостивар го примил на 17.12.2015 година, а кое нешто е видно од копијата од повратница за извршена достава приложена како доказ кон списите.

Врз основа на горе наведеното КОП ја утврди следната фактичка состојба.

РИФАМ ДОО Гостивар го примил заклучокот за прибавување на податоци на Комисијата за заштита на конкуренцијата на 17.12.2015 година и истиот бил должен да ги достави бараните податоци во рок од 15 дена, односно да ги достави до 01.01.2016 година.

РИФАМ ДОО Гостивар прв обид за електронско доставување на податоците направил на 26.01.2016 година, но бидејќи истите не биле добиени во Комисијата за заштита на конкуренцијата, истите РИФАМ ДОО Гостивар повторно ги препратил електронски и податоците се добиени во Комисијата за заштита на конкуренцијата на 27.01.2016 година, кога и се заведени во деловодникот на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Од сето наведено КОП утврди дека РИФАМ ДОО Гостивар, не постапило по заклучокот на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 08-63 од 14.12.2015 година за доставување на податоци во определениот рок а во смисла на член 49 од Законот за заштита на конкуренцијата, на начин што не ги доставило бараните податоци во определениот рок од 15 дена кој рок тарел до 01.01.2016 година, со што сторило прекршок од член 61 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата

Согласно член 42 став (4) од Законот за зашита на конкуренцијата доколку од фактите и околностите утврдени во текот на постапката произлегува дека е сторен прекршок предвиден со одредбите од овој закон, конечното изнестување за утврдена фактичка состојба содржи и известување за видот и износот на прекршочната санкција која ќе се изрече, како и објаснување на околностите земени во предвид при одмерување на истата.

Согласно член 61 став (1) од Законот, КОП на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 1% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако:

1) не постапи по заклучок на Комисијата за заштита на конкуренцијата или КОП за доставување на податоци во определениот рок, а во смисла на член 40, член 48 и член 49 од овој закон;

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Ул. „Св. Кирил и методиј“ бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

При изрекување на глобата на РИФАМ ДОО Гостивар КОП тргнува од вредноста на вкупниот годишен приход на РИФАМ ДОО Гостивар, соодветно остварен во 2015 година, како последна деловна година за која РИФАМ ДОО Гостивар има сосатвено годишна сметка.

Вкупно остварените пригходи на РИФАМ ДОО Гостивар во 2015 година, како последна деловна година за која РИФАМ ДОО Гостивар има составена годишна сметка изнесуват XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX%, па оттука основниот износ на глобата изнесува 15.600,00 денари.

Согласно член 64 став (5) од Законот, КОП како олеснителна околност го зема фактот дека прекршокот престанал веднаш по поведувањето на прекршочната постапка од КОП, заради што КОП ја намалува глобата која му се изрекува на РИФАМ ДОО Гостивар на износ од 12.000,00 денари.

Определената глоба од 12.000,00 денари претставува XXX% од приходите на РИФАМ ДОО Гостивар остварени во 2015 година.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**